


# Montepulciano 2017

Суво црвено вино со контролирано и гарантирано потекло. Виното е добиено од сортата Montepulciano од сопствените насади на винаријата Камник, од гроздови одгледувани со особено внимание и редукција на родот. Ова вино се карактеризира со длабока рубин црвена боја, која се истакнува преку винификацијата со 5% Вранец. Мирисот е интензивен и открива ароми на зрела капина и дива вишна. Вкусот е полн и маркантен, со испреплетени тонови на капучино и тутун и долготраен послевкус. Меките сомотести танини и хармоничната свежина му овозможуваат на виното капацитет за неколкугодишно созревање.

Комбинирајте го ова вино со специјалитети од црвено месо, пате од гуска со слатко од кромид, или со одбрани сирења.

Препорачана температура на послужување: 13-15°C

**Алкохол**: 14% Vol. **Полнето**: Април 2018

**Награди:** Sakura 2018, Јапонија – **Златен медал**